Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 21.11.2024

На 20.11.2024 во 15.50 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.П.(40) од Скопје. При претрес во неговот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, бела грутчеста материја и две дигитални ваги. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.11.2024 во 17.00 часот полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода С.К.(31) од с.Средно Кочани, скопско. При претрес во неговото катничко возило „БМВ", извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени автоматска пушка, пиштол „Чешка збројовка", еден куршум со оптички нишан и куршуми. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 20.11.2024 во 13.20 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Р.М.(21) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена зелена растителна материја. Р.М. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинителот и по документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.11.2024 во 13.00 часот во с.Ростуше, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Ростуше го привеле А.Б.(55) од село Јанче, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 20.11.2024 во 22.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Н.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.11.2024 во 20.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Е.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.11.2024 во 20.15 часот на Граничниот премин Деве Баир, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода Р.И.(20) од Украина, затоа што при пасошка и гранична контрола на увид приложил фалсификувана возачка дозвола. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 20.11.2024 во 10.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле А.С.(43) од с.Драчевица, општина Студеничани, затоа што кај него биле пронајдени и одземени два ножа. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.11.2024 во 13.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кртосчаната од ул.„Лондонска" и ул. „Варшавска" во Скопје, мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од А.О.(35) од Скопје, здрав во кривопаличенка регистарски ознаки, управувано од Ф.Д.(26) од Ранковце и патничко возило „лежо" со скопски регистарски ознаки, паркирано од Ф.С.(50) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирана во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 20.11.2024 во 15.10 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Д.(72) од Скопје пријавила дека на ул. „Лазар Поп Трајков" во Скопје била касната од куче скитник.

На 20.11.2024 во 14.08 часот во Полициската станица Велес, З.Д.(44) од Велес пријавил дека на улица „Вера Циривири" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 20.11.2024 во 18.45 часот на улица „15 Корпус" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга од слобода го лишиле Е.Ц.(18) од Струга, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Р.Л.(37) селото Горно Лаборчиште, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При претрес, извршен на улицата „27 Март" во Струга, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга пронајдоа и одзедоа марихуана.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.М.(20) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При претрес, извршен на улицата „15 Корпус" во Струга, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга, пронајдоа и одзедоа марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Н.(56) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При обид за легитимирање, тој пред полициските службеници фрлил пакување со остатоци од ножни и хероин.

На 21.11.2024 околу 05.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистралот пат Куманово - Крива Паланка, во местото викано Ливадје, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „возилсвагет поло" со кривопаличенка регистарски ознаки, управувано од Ф.Д.(26) од Ранковце и патничко возило „волксваген туран" со бугарски национални ознаки, управувано од С.К.(39) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ф.Д., додека С.К. и сопатникот Г.К.(57) и И.Г.(44) од Куманово се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Куманово.

На 20.11.2024 во 09.00 часот на патиот правец Градско-Прилеп, кај с.Беловодица, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Е.Б.(35) и Н.А.(33) од Прилеп поради сомнение за сторено кривично дело „кражба". По документирање на настанот против них ќе следуваат соодветни пријави.

Во СВР Скопје на 19.11.2024 во 16.50 часот, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје било пријавено дека кај нив со тешка телесна повреда била донесена А.Н.(30) од населба Илинден, скопско. Според пријавеното, таа се здобила со повредата на 18.11.2024 околу 21.00 часот при извршување работни задачи во фирма во населба Илинден. За настанот бил известен трудов инспектор.

На 20.11.2024 во 11.00 часот во ОВР Кавадарци, од болницата во Кавадарци било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен П.С.(40) од Кавадарци. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во фирма во Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.11.2024 во 14.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со убиени рани бил донесен малолетник од с.Кучевиште, скопско. Според пријавеното, кај Транслиратот центар во Скопје тој бил физички нападнат од група малолетници, при што еден од нив со остар предмет му нанел убедени рани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.11.2024 во 14.33 часот во ОВР Крива Паланка, од Итна медицинска помош Крива Паланка било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен С.С.(54) од Крива Паланка. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на работни задачи во рудник во Крива Паланка. Екипа од ОВР Крива Паланка извршила увид, а за настанот биле известени трудова инспекција и јавен обвинител.

На 20.11.2024 во 09.20 часот во СВР Скопје, К.Е.(65) од Косово пријавил дека околу 03.30 часот во казино на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од четири лица вработени како обезбедувачи во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.11.2024 во Полициската станица Велес било пријавено дека во оштинско основно училиште во Велес, малолетник физички нападнал друг малолетник, неговиот соученик. Нападнатиот малолетник бил одведен во болницата во Велес, по што, поради сериозноста на повредата бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември" во Скопје, каде што починал. Лекар констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било зададено на обдукција.

Денеска (21.11.2024) во 00.20 часот во с.Сопот, кумановско, полициски службеници од Полициска станица за гранични надзор Сопот пронашле шест лица мигранти (пет од Сирија и еден од Палестина), од кои тројца малолетници. Лицата биле предадени во граничен центар Табановце за понатамошна постапка.

На 20.11.2024 во 23.15 часот во Гевгелија, полициски службеници од ОВР Гевгелија пронашле три лица мигранти од Сирија. Тие биле предадени на полициски службеници од Полициската станица за гранични надзор и гранични проверки за понатамошна постапка.

На 20.11.2024 во 21.14 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен објект на подрачјето на Бит Пазар, едно лице со закана кон вработените оддело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.11.2024 во 14.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица, З.В.(52) од Македонска Каменица пријавил дека на ул.„Александар Македонски" без каснат од куче скитник.

Полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.К.(61) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава од тројанин на 19.11.2024 во 09 часот дека во Мемин Поток-индустриска зона Љ.К. со тврд предмет нападнал куче и му нанел повреди. Со Љ.К. е извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „мачење животни" по чл. 233 од КЗ на РСМ.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против О.Т.(58) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 18.11.2024 во с.Просениково, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило, во кое опатник бил пријавеност, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, при претрес во неговот дом, исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против Ѓ.Д.(25) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 03.09.2024 на место викано „Надорче" во Валандово, полициски службеници затекнале друго лице кое користело марихуана, која претходно му ја дал пријавеното.

ОВР Крушево поднесе кривична пријава против Т.Ј.(20) од с.Норово, крушевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување и движење, пренесување и трговање со оружје или експлозивни материи". На 19.08.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавеното, при кој биле пронајдени и одземени повеќе куршуми.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против В.М.(39) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.11.2024, пријавеното упатувал закани кон вработени лица во Одделението за управни работи при ОВР Гевгелија, а потоа го искршил заштитното стакло на пулот и влезнал врата.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.А.(57) и Е.А.(38), двајата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 09.06.2024 на мостот за с.Мајлетино, првопријавениот физички го нападнал Н.К., додека второпријавениот му упатувал закани.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Ќ.(26) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста". На 08.10.2024 на место викано Поводелиште, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службена дејност.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.М.(35) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 22.10.2024 додека го упатувал своето патничко возило, пријавениот започнал расправија со сопјата сопруга, по што таа се обидела да излезе од возилото, но тој ја зграбил брзината и таа паднала на асфалот и се здобила со повреди.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против К.Ј.(62) од с.Хаво поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 28.10.2024 на сопствена нива, пријавената запалила сува трева, при што пожарот се проширил и зафатил површина од пет декари сува трева и грмушки.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(23) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот, во мај 2022 година, со друго лице договориле меѓусебна компензација за изработка на мебел во вредност од 3.500 евра, а за истата сума оштетеното лице на пријавениот му го дал своето патничко возило „волксваген голф". Пријавениот дошол со изработка на мебелот и не му се јавувал на лицето, а во септември 2023 го продал неговото возило на авто плац и на тој начин го измамил лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистичка работа Македонски Брод поднесе кривична пријава против М.Н. од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „напреде на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" и „загрозување на сигурноста". На 18.11.2024 на социјална мрежа, пријавениот објавил статус во кој упатувал закани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(55) од с.Добросте, општина Теарце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бришење на јавен пренос без соодветната лиценца". На 05.11.2024 на ретвиналиот пат Тетово - с.Лажнице, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило „волксваген транспортер", управувано од пријавениот, при што было утврдено дека врши јавен пренос на патниот без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.